

Христо Поп Антов

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ГЛАВНА УПРАВА НА АРХИВИТЕ
ПРИ МИНИСТЕРСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

РЕВОЛУЦИОНЕРНИТЕ БОРБИ ВО ТИКВЕШИЈАТА

СПОМЕНИ И МАТЕРИЈАЛИ

КНИГА 2



Христо ПОП АНТОВ

УЧЕСТВОТО НА ТИКВЕШ ВО ИЛИНДЕНСКАТА ЕПОПЕЈА

Областа Тиквеш се наоѓа во централниот дел на Македонија, по средниот тек на реката Вардар и долниот тек на реката Црна. Преку оваа област, во должина од 62 километри, поминува железничката линија Солун - Скопје - Централна Европа, со станиците: Градско, Криволак, Неготино и Демир Капија.

Првото револуционерно јадро по создавањето на Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација беше формирано во гр. Кавадарци од Даме Груев во втората половина на м. август 1894 година. При создавањето на Револуционерниот комитет Даме Груев одржал говор во кој, меѓу другото, рекол: "Ќе го подготвуваме народот за востание. Ако алиштата се перат со сапун и вода, ропството се пере со крв." Долгогодишен раководител на Организацијата до 1899 година беше учителот Пане Иванов. За тоа време Организацијата помина низ својот просветен период. Посветените во делото ги читаа тајно донесените од ученикот во Солунската гимназија Тодор Поп Антов "Под игото" од Иван Вазов, "Записите за бугарските востанија" од Захари Стојанов. Народот, пак, ги пееше револуционерните песни на Ботев и Чинтулов. Особено им се допаѓаше на луѓето песната од Христо Матов "Виши се вишила, Витошо мила". Во Тиквеш го добивавме и хектографискиот весник "Борец" од Прилеп што беше редактиран од Тодор Поп Антов.

Во 1899 година Организацијата во Тиквеш уби во с. Горниково еден жесток турски падар, а во Неготино го ликвидира Хусеин Капидан од с.Тимјаник. Овој Хусеин ги грабеше и малтретираше луѓето. На свадбите во Неготино ги тераше свирачите само нему да му свират, а младоженците да му бакнуваат рака. Последниот случај е познат како "Тиквешка крвава свадба". Таа година за раководител на Организацијата беше избран Христо Стојанов. Во оваа и во следната година беа примени многу нови членови. Барањето и купувањето оруж-

је се претвори во секојдневна преокупација. Револвери и ножеви се уште можеа лесно да се најдат, но поголема беше желбата да имаш пушка. Некои успеваа да ги набават, а други купуваа "калканделечки" (тетовски) мартини, кои ваташките кирации ги носеа од Кичево, крије́ки ги во самарите на животните. Мартините повеќето беа неупотребливи. Многумина мечтаеја за пушка манлихер, маузер или за грчка пушка "гра".

Во м.февруари 1901 година во Солун беше фатена архивата на Организацијата и беше уапсен Централниот комитет. Тоа доведе до претреси и прогонства во целиот Солунски вилает и во Тиквеш. Така почна "Тиквешката крвава афера" која е позната по својата крвава и смртна жестокост. Потери од аскер и башибозук ги преплавија селата, барајќи комити и оружје. Фатените беа тепани на најжесток начин по целото тело: по нозете до паѓање во несвест, потурани со вода и потоа им се ставале вжештени варени јајца под мишките, спици под ноктите, биле обесувани со главата надолу врз запалено сено. Од многуте тепани, затворени беа само 130 души од селата: Ресава, Бегништа, Грбавец, Мрзен-Ораовец, Чемерско, Бошава, Страгово, Бојанчишта, Галишта, и од Кавадарци целиот Совет на општината - 60-70-годишни старци. Тројца селани беа претепани и умреа, еден се самоуби и еден умре од раните во солунскиот затвор. Вонредниот трибунал во Солун ги осуди 36 души од уапсените на разни казни и повеќето беа испратени во прогонство во приморските тврдини Подрум Кале и Акија во Азија.

Во м.септември 1901 година во Тиквеш дојде Гоце Делчев и остана во Неготино 5 дена, во Кавадарци - 4, во Ваташа 6 дена. Тој беше многу задоволен од тоа што успеа да го види, слушне и провери. Зборуваше за четништвото, за неговото зајакнување и потоа за неговото постепено заменување со добро подготвена борбена милиција, која во текот на денот ќе си ја врши својата селска работа, а ноќно време ќе спроведува воена обука и ќе оди на помош на опкружените чети. Гоце рече дека Тиквешијата е револуционерна тврдина, бидејќи зазема централно место во Македонија и со своите планини дава широк простор за маневрирање. Додаде уште дека тој со уште 500-600 четници може да издржи едно востание дури 6-7 месеци и вети дека повторно ќе го посети Тиквеш. "Проучете го добро Вардар и премините по реката, неговото корито, мостовите, бродовите, чети и луѓе да можат да поминуваат од источна во западна Македонија и обратно, како што се поминува меѓу две соседни планини. Внимавајте многубројните турски населби околу Вардар да не бидат предизвикувани и да останат засега мирни". Ги советуваше раководителите да се однесуваат човечки, да ги чуваат силите на Организацијата. Пред да замине Гоце побара да се свика

состанок со повеќе луѓе, кој се одржа во училиштето, каде што Гоце го разоткри неподнесливиот живот на населението: маките, страдањата и неговата трудољубивост, го критикуваше севкупниот државен систем во Турција, економската немоќ и капитулациските пранѓи ставени за ограбување на населението. Ги пофали Тиквешани дека се добри револуционери, цврсти и трудољубиви Бугари.

Го испративме со бакнежи и "довидување", за да не го видиме повеќе.

1902 година помина во подготовки за борба. Во селата се создаваа селски милициски чети кои по работното време редовно спроведуваа воена обука со оружјето што го имаа. Набргу луѓето се навикнаа на сето тоа. Недостигот од оружје ги измачуваше и нив и раководителите. Во Неготино беше создадена група за изучување на премините на р. Вардар. Беше направена специјална карта на полноводниот и широк од 30 до 200 м. Вардар со сите места за преминување, мостови и кораби. Ист ото беше направено и за р. Црна.

Во м. август т. г. една група младинци од Кавадарци, играјќи надвор од градот, го напаѓаат и го рануваат едно Турче. Тоа го предизвика турскиот фанатизам и во текот на шест дена беа убиени седум Бугари, меѓу кои и мојот татко поп Андо. Само неговите убијци беа фатени, оправдани од судот и наскоро убиени од Организацијата.

1903 година. Градоносната година дојде. Секој се чувствуваше горд и почестен што е задолжен да заврши некоја организациска работа. Секој те гледа во очите за да се насмевнеш, да го поздравиш, да не го заборавиш. Одам еднаш од Ваташа, на околу два километри далеку, минувам преку турските маала во Кавадарци. На улица разговараат Петруш Анѓушовски и Коцо Бохулкин - возрасни луѓе, ги поздравувам. Петруш вели: "Зошто си тргнал сам од Ваташа?" А Коцо, зазел јуначка поза, повторува "Да не не заборавиш". "За сите има работа", им велам и продолжувам.

Жените и момите собираа и подготвуваа долни алишта за четниците. Градоносниот облак ја покри околијата уште од пролетта. Но тој најмногу се чувствуваше за време на пазарните денови во Кавадарци и Неготино. Селаните предвреме ја продаваа стоката и купуваа во големи количества: сол, сапун, шеќер и други потребни работи. Опинчарите и абациите продадоа се. На кондурациите не им остана ниту еден грам ѓон. Абациите ден и ноќ работеа дома разни порачки за комитски алишта.

Реонското раководство им беше доверено на петмина: Лазар Мишев, Христо Поп Антов, Милан Поп Михајлов, Иван Љомчев и Александар Спирков. По Солунските атентати остана само Христо

Поп Антов. Во м.март т. г. Милан Поп Михајлов замина за Бугарија за купување оружје и загина во Пловдив од експлозијата на пеколната машина што ја подготвуваше заедно со идниот тиквешки војвода Тимо Ангелов "Кнезот" за железничката пруга во Царигарад. Спирков и Ефрем Галев отидоа во Прилеп за купување на оружје. Спирков избега во четата на Петар Ацев и загина во големата борба на четата кај с. Беловодица. Ефрем Галев беше фатен во с.Голем Родобил и за време на мачењата умре во рацете на инквизиторите. Љомчев беше предаден дека носел пари за оружје во Солун, беше претепан и испратен во затворот Еди Куле. Лазар Мишев пред мои очи избега од полицискиот инспектор Шевки-ефенди.

Околијата беше преплавена од аскер и башибозук повеќе отколку во несреќната 1901 година. Од многуте претепани ќе го спомнам само случајот со Данаил Спацов од с. Бегништа. Кутриот, претепан за да каже каде се комитите, им одговара: "Тие се насекаде и вие ги знаете каде се комитите, но ги одбегнувате". Турците го тепаат, тој пцуе, паѓа во несвест. Истото се повторува и со Лазо Бањански од Кавадарци.

Учеството на Тиквешка околија во Илинденското востание беше: да го зачуваме каналот за преминување на Вардар нечепнат и со засилена четничка активност да задржиме колку е можно повеќе војска во Тиквешијата. Храбриот војвода Петар Јуруков преку многубројни борби успеа да задржи многу турски воени сили во околијата.

Со многу крв, обете задачи беа успешно исполнети. Вечна слава на хероите-илинденци.

ЦДА, ф. 1887 к. оп. 1, необработен. (Беседа, читана на Радио Софија 2 на 31 јули 1961 г.).